# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Четвртото продолжение на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 ноември 2001 година

Седницата се одржа во сала I на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Оломан Сулејмани, потпретседател на Собранието.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Весна Јовановска ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата. Тоа значи дека само еден пратеник денес оправдано отсуствува од оваа седница.

Уште на почетокот имав забелешка до министерот Марјан Ѓорчев и до сите други и без да ги молиме, јас мислам дека треба да бидат на нивото на нивните обврски, да не ја ставаат во лоша позиција самата институција Парламент, бидејќи половина час доцниме не по вина на пратениците туку по вина на претставниците на Владата. Оваа практика би замолил да не се повторува, истовремено со сета почит кон личноста Марјан Ѓорчев, мегутоа, како министер треба јавно да го искритикувам.

Продолжуваме со претрес.

За збор се јавил господинот Љубомир Поповски, но не е тука.

Бидејќи господинот Поповски не е тука, по него се пријавил за дискусија господинот пратеник Илија Илоски, но и тој не е присутен.

Дали некој друг од присутните бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по 99-та точка од дневниот ред.

Преминуваме на 100-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за органско земјоделско производство.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Марјан Ѓорчев.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Целта на овој закон е да се регулира една област од земјоделството која е особено актуелна во земјите од Европската Унија и современиот тренд на земјоделско производство, бидејќи сите членки на Европската Унија и нејзините земји го имаат донесено и веќе го применуваат овој закон, неговото донесување претставува една неминовност, затоа што Република Македонија во оваа област на земјоделско производство има големи компаративни предности и на таков начин може да се вклучи во меѓународната поделба на трудот и да обезбеди поголем прилив на девизни средства како извозна компонента од земјоделскиот производ.

Целта на законот е да го кодифицира процесот на здрав земјоделски производ, тука се предвидува на кој начин тоа ќе се прави, на кој начин ќе се организира тоа производство, како ќе се врши заштитата и третманот на органските земјоделски производи, како ќе се врши заштитата на човековата околина и на крајот има казнени одредби за оние кои нема да го почитуваат карактерот и условите кои се кодифицирани со овој закон.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот Марјан Ѓорчев.

За збор се јави господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас имам една сугестија, со оглед дека се работи за предлог за донесување на закон, во таа фаза е на оваа седница, а се работи за пакет на закони заедно со претходните два за кои расправавме односно Законот за фондот за земјоделство и Законот за земјоделско земјиште, кои се предложени со Предлог на закон на оваа седница, би ја повторил само сугестијата по таа дискусија, сите три закони да се донесат во пакет, Предлогот на законот за Фондот за земјоделство и Предлогот на Законот за земјоделско земјиште да бидат во оваа фаза за донесување, а предлозите на закони да бидат заедно со овој закон за органското земјоделско производсгво.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по 100-та тонка.

Колеги пратеници, бидејќи треба да гласаме за законите, а гледам дека нема доволно присутни пратеници, седницата ќе ја продолжиме во 13,00 часот.

(Предлагам пауза до 13,00 часот).

(Пауза од 11,40 до 13,20 часот).

Колеги пратеници, бидејќи имаме услови за работа, имаме кворум, продолжуваме со работа.

Да се вратиме на првата точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(Реагирање во салата, а пратеникот Бузлевски бара збор).

Завршен е претресот и нема потреба од интервенција колега Бузлевски. Ако барате да се изјасните како ќе гласате, може да добиете збор.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници од Владата и колеги, веднаш да се изјаснам како ќе гласам по овој закон. Јас ќе гласам против законот и нормално треба да објаснам зошто се определив за таков мој став во однос на гласањето.

Познато им е и на присутните во оваа сала, познато и е и на пошироката јавност дека грчевитите напори на Владата преку соодветни нормативни акти да го контролира процесот на вработување во државната администрација досега е безуспешен, затоа што за среќа постои и Уставен суд на Република Македонија кој што расправа за покренати иницијативи и оценка на нивната уставност. Со оглед на тоа што на два пати досега се поништени одлуките на Владата околу воспоставениот режим за нови вработувања во државата администрација, Владата се обидува преку оваа форма со измена на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија да го озакони она што досега Уставниот суд го има оспорено, иако сведоци сме дека последната одлука на Уставниот суд од 24-ти не е објавена, иако после таа расправа излегоа пет броја на "Службен весник" во кој се објавени одлуки на Уставниот суд кои се донесени после тоа. Имено, заради присутните кои мислам дека ќе се согласат со мојот став во однос на негласање на овој закон, да споменам дека во Македонија се реализира еден проект за реформа на јавната администрација, кој што почетно беше реализиран преку постапката за отпуштање на вработени по разни основи од државната администрација во која што постапка беа отпуштени 3482 вработени кои од тој ден станаа невработени. Тоа ќе беше добро ако завршеше на тоа. Но Владата заради политичката констелација во неа и моќта за одлучување во истата, во меѓувреме во овој период, напуштајќи го проектот за реформа на јавната администрација, има реализирано нови вработувања во бројка од 5548 лица со директна согласност на премиерот, кој го има тој ексклузивитет да дозволува или недозволува нови вработувања. Во оваа бројка која што ја споменав 900 не се вбројани кои имаат преминато од орган во орган во државната администрација, а во оваа бројка не се споменати ни новите вработувања во јавните претпријатија, пред се во Јавното претпријатие "Електростопанство на Македонија" и Јавното претпријатие за стопанисување со деловен и станбен простор. Значи имаме сериозни нарушувања на проектот за реформа на јавната администрација и оттаму да не ве зачудува што оваа држава го изгуби аранжманот, покрај другото и заради ова, со Светска банка и ММФ.

Почитувани пратеници, нужно треба да се створат предуслови оваа држава да го склучи или да го обнови аранжманот или да го стави во реализиација аранжманот со овие две финансиски институции, затоа што од тоа ќе зависи и ефектот од претстојната Донаторска конференција која што треба да се организира за Република Македонија, а со која треба да се обезбедат средства за задоволување на најнужните потреби кои што значат живот во Република Македонија. Заради тоа јас се определив да не гласам по содржината на овој закон, бидејќи јасно ја објаснив целта која што е кај предлагачот, а која што сака да се верифицира во Собранието по изгласување на овој закон.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали некој друг бара збор, за да се изјасни како ќе гласа? (Никој).

Предлогот на закон го ставам на гласање. (По гласањето).

Вкупно гласале 84 пратеници, од кои 49 за, 11 воздржано и 24 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Да се вратиме на Втората точка - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Бидејќи имаме амандман на членот 3 поднесен од пратеникот Никола Јованов, амандманот го ставам на гласање.

(Реагирање од повеќе пратеници).

Ве молам да се изјасниме како ќе работиме бидејќи претресот е поминат, предлагачите имаат право да кажат зошто ќе гласаат и како ќе гласаат и тоа во рок од 5 минути.

Повелете господине Никола Јованов.

Ве молам, да објасниме уште еднаш и да се договориме. Претставникот на Владата на минатата седница не го прифатил амаднманот.

Бидејќи предлагачот сака да каже како ќе гласа, му дозволуваме да се изјасни во време од 5 минути и на тој начин ќе работиме. Да не создаваме паника без потреба.

Има збор господинот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Сакам да кажам дека за овој амандман ќе гласам за од проста причина, што тој предвидува укинување на акцизите за сите видови на возила во Република Македонија, бидејќи знаеме каква е просечната старост на возниот парк во Република Македонија и дека треба негово брз возобновување. И минатиот пат кога го образложував материјалот реков дека не добивме валидни анализи од Министерството што значи тоа во смисла на прилив на пари во Буџетот, ако акцизата остане 7,5% или ако воопшто ја нема. Сметам дека со зголемувањето на продажбата, кога акцизата би отпаднала, по основ на ДДВ и по основ на царинските давачки ќе се постигне ефектот кој е нормиран како ставка во Буџетот на Република Македонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јавн господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, бидејќи уставните измени за работа на Собранието без присуство на 61 пратеник се нови би сакал прво процедурално да се изјаснам.

Вие отворате расправа по амандмани од пратеници кои се многу битни и важни во однос на донесувњето на законот, пратеникот ги има механизмите само со амандмани да интервенира во рокот што е даден. Бидејќи го градиме механизмот за работење понатаму, вие треба да кажете: отворам претрес по амандманот на пратеникот Никола Јованов. А како ќе гласаме, тоа можеме да го направиме кога ќе го затворите претресот. Немојте да ги изигруваме деловничките норми, уставните измени се многу јасни. Се работи за работење на Парламентот, а за одлучување се потребни 61 пратеник. Немојте да мислиме дека така ќе го затвориме претресот, пратениците ќе ги изиграме со воведување на таа норма. Бараме ние пратениците и јас лично да се спроведува деловникот. Бидејќи се работи за предлог на закон, точно е дека министерот се изјасни, треба да отвориме расправа Предлогот на амандманот на Никола Јованов, а потоа да се изјаснуваме кој како ќе гласа. Истото важи и кога се работи за предлог за донесување на закон, со предлог на закон. Ова е деловничко укажување.

Сега барам збор по амандманот на господинот Никола Јованов. Потпретседателот мислам дека направи грешка и не ја води добро седницата и неможе да влезе како правило за водење на седницата. Господине потпретседателе, Вам ви се обраќам ако сметате дека има деловнички спор со ова што го искажавте, барам да се изјасни Парламентот бидејќи градиме правила, немаме деловник и сметам дека треба да постапувате по укажувањата. Ако го уважувате тоа, барам збор по амаднманот на Никола Јованов.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Гештаковски, јас бев дециден и јасен. Како што гледате имам правник до мене. Многу убаво кажав и објаснив дека претресот по амандманите е завршен. Меѓутоа, предлагачот има право да каже зошто ќе гласа против или за амандманот, како што тоа го направи вашиот колега од СДСМ за Буџетот на Република Македонија кога кажа зошто ќе гласа против. Расправата по амандманите е завршена уште на минатата седница.

Продолжуваме со работа.

Амандманот на пратеникот Никола Јованов го ставам на гласање.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТСКОВСКИ:**

Барам збор.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Повелете господине Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Ако сметате така за овој дел, јас мислам дека не е така. Господинот Никола Јованов бараше збор да го образложи амандманот и вие ја прекинавте седницата, но во ред е, за другите не можеме така да работиме. Никола Јованов треба да се изјасни дали кога побара збор да го објасни амандманот, точно е дека министерот се произнесе дека не го прифаќа, но Никола Јованов бараше збор за да расрпаваме. Ако сметате и ако има стенографски белешки од кои се гледа дека Никола Јованов не бара збор да го образложи амандманот, што е нелогично, јас барам збор и се согласувам во тој случај да кажам како ќе гласам во рок од

5 минути. Инаку, мислам дека пак се води претрес по амандманот. Во секој случај, ова не е правило, за другите закони ќе работиме онака како што е согласно деловникот.

Прво сакам да кажам дека сличен амандман како овој на господинот Никола Јованов и јас имам поднесено. Се работеше за техничка грешка не го видов неговиот амандман и ќе кажам накратко зошто Парламентот треба да го прифати овој амаднман и врз оснва на расправата и моите пет минути, ќе одлучам дали ќе го повлечам или нема да го повлечам амандманот кога ќе дојде на дневен ред.

Прво сметам дека овој амандман треба да се прифати од причина што и во реалниот живот и во сите законски акти и во Република Македонија и во другите, државните автомобили не се акцизна роба. Затоа патничките автомобили не се луксуз и на нив неможе да се пропишуваат акцизи. Сметам дека и од уставно правен аспект има одредени проблеми. Како дојде до прашањето автомобилите во Република Македонија да останат како акцизна стока? Автомобилите во Република Македонија останаа акцизна стока по заслуга на Владата на Република Македонија, особено на министерот за финансии. Кога го донесувавме за кешот за ДДВ, основна цел на Законот беше да ги изедначат давачките во однос на сите стоки и тарифи, министерот за финансии на Република Македонија сметајќи на ризикот на Законот за ДДВ во Законот за акцизи укинувајќи одредени тарифи ги остави патничките автомобили, сметајќи на тогашниот суфицит.

Госпдине потпретседателе, не ми го мерите времето, зборувам за Владата и за министерот. Вие само на звончето стегате, но стегајте за да не слуша и министерот. Опоменето го министерот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ги молам пратениците и претставниците на Владата да се придржуваат кон редот, бидејќи пратеникот Гештаковски има збор.

Ве молам за тишина, срам ми е да го употребувам тој збор. Еве велам тишина.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Би сакал да му кажам и на министерот барем да сослушува ако не сака да одговори на аргументите, барем да не сослуша нас пратениците.

Повторувам, по заслуга на министерот за финансии останаа акцизите на патничките автомобили во износ од 25% со тоа што министерот проектираше со одреден ризик и суфицит во Буџетот од 400 милиони марки што се оствари. Во тогашната коалициона влада Демократската алтернатива бараше да се укинат.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Времето од 5 минути ви помина.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, прво, не ми поминаа ни пет минути, не ми овозможивте услови да зборувам, но јас ја повелкувам оваа дискусија, бидејќи имам ист амандман. Во овој момент треба да се даваат и резерва и добро е што ја дадов. Мислам дека пет минути не поминаа. Вие се расправавте со вашата минута ипол. Вие стопирајте го времето. Во ред, се повлекувам. Ја повлекувам дискусијата.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колега Гештаковски, со сета почит кон сите Вас пратеници, вас времето ви помина и тоа пет минути и скоро неколку секунди.

Ве молам да гласаме по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

За амандманот гласаа 41 пратеник, 7 воздржани, 29 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 3.

Бидејќи колегата Филип Петровски се сомнева во гласањето бара подршка од 10 пратеници.

Дали има подршка од 10 пратеници. - Има подршка од 10 пратеници.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

| | |
|---|---|
| Јонуз Абдулаи - | воздржан |
| Абдурахман Алити - | за |
| Абдула Алиу - | за |
| Милојко Ангеловски - | за |
| Стојан Андов - | отсутен |
| Кирил Андоновски - | против |
| Магдалена Антовска-Велевска - | за |
| Љупчо Анушев - | за |
| Амди Бајрам – | отсутен |
| Демуш Бајрами - | против |
| Фадил Бајрами - | за |
| Димитар Батковски - | против |
| Мерсел Биљали - | за |
| Валентина Божиновска - | отсутна |
| Јордан Бошков - | отсутен |
| Димитар Бузлевски - | за |
| Абдулади Вејсели - | отсутен |
| Слободан Гарчевски - | против |
| Васил Гаџовски - | против |
| Михајло Георгиевски - | воздржан |

| | |
|---|---|
| Трајко Гешовски – | воздржан |
| Александар Гештаковски - | за |
| Данило Глигоровски - | воздржан |
| Петар Гошев - | отсутен |
| Слободан Даневски - | отсутен |
| Замир Дика - | против |
| Ванчо Ѓорѓиев - | отсутен |
| Илија Георгиев - | отсутен |
| Фатмир Етеми - | против |
| Васил Ефтимов - | против |
| Насер Зибери - | отсутен |
| Љубисав Иванов-Ѕинго - | за |
| Мирко Иванов - | за |
| Илија Илоски - | за |
| Делче Ицков - | против |
| Никола Јованов – | за |
| Весна Јовановска - | отсутна |
| Марика Јорданова - | против |
| Назми Кадриу - | воздржан |
| Радомир Карангелески - | за |
| Жарко Караџовски - | против |
| Митко Киров - | воздржан |
| Лазар Китановски – | за |
| Саво Климовски - | за |
| Стојан Ковачевски - | за |
| Чедомир Краљевски - | воздржан |
| Илија Лазаров - | отсутен |
| Горанчо Лазов - | отсутен |
| Биљал Љутфии - | отсутен |
| Јани Макрадули - | за |
| Васе Манчев - | воздржан |
| Наталија Марковиќ-Димова - | за |
| Ѓулистана Марковска - | воздржана |
| Диспина Марковска - | против |
| Звонко Мирчевски - | отсутен |
| Драган Митевски - | отсутен |
| Кирил Настевски - | отсутен |
| Рубенс Наумовски - | отсутен |
| Горан Невеновски - | отсутен |
| Љатив Пајковски - | отсутен |
| Александар Пандов - | против |
| Ванчо Панчев - | воздржан |
| Илија Пемов - | против |
| Тито Петковски - | за |
| Чедо Петров - | за |
| Томислав Петровски - | отсутен |
| Филип Петровски – | воздржан |
| Азис Положани - | отсутен |
| Стојан Попов - | за |
| Љубомир Поповски - | за |
| Никола Поповски - | за |

| | |
|---|---|
| Илија Пранговски - | отсутен |
| Исмет Рамадани - | отсутен |
| Љупчо Ристевски - | против |
| Ненад Ристовски - | отсутен |
| Аце Сајковски - | против |
| Аслан Селмани - | отсутен |
| Борче Сибиновски – | против |
| Вангел Симев - | отсутен |
| Ристо Спанаков - | за |
| Крале Спанчевски – | воздржан |
| Ѓорѓи Спасов - | отсутен |
| Милан Ставрев - | против |
| Наќе Стојановски - | отсутен |
| Томислав Стојановски - | против |
| Воислав Стојановски - | против |
| Благој Стојковски - | за |
| Златко Стојменов - | отсутен |
| Владо Сугаревски - | воздржан |
| Оломан Сулејмани - | за |
| Ризван Сулејмани - | за |
| Мухамед Таири - | за |
| Александар Талевски - | воздржан |
| Мевљан Тахири - | за |
| Митко Тилевски - | воздржан |
| Ѓорѓи Тодоров - | отсутен |
| Ристо Тодоров - | отсутен |
| Павле Тодоровски - | воздржан |
| Панде Томов - | воздржан |
| Коце Трајановски - | воздржан |
| Горанчо Трајков - | воздржан |
| Танас Трајковски - | отсутен |
| Александар Трпевски - | против |
| Борислав Трповски - | отсутен |
| Слободан Ќосев - | воздржан |
| Таќи Фити - | отсутен |
| Александар Флоровски - | воздржан |
| Илјаз Халими - | против |
| Благој Ханџиски - | за |
| Сејфедин Харуни - | за |
| Кастриот Хаџиреџа - | отсутен |
| Бранко Црвенковски - | отсутен |
| Миланчо Черкезов - | за |
| Ванчо Чифлиганец - | за |
| Арбен Џафери - | отсутен |
| Алија Шахиќ - | отсутен |
| Радмила Шекеринска - | отсутна |

Дали има некој кој не е прозван? (Нема).

**ОЛАМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За амандманот гласаа 34 пратеници.

Против гласаа 22 пратеници, воздржано гласаа 21 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 3 поднесен од пратеникот Никола Јованов.

Вториот амандман за менување на член 3, поднесен од пратениците Илија Лазаров, Митко Киров, Слободан Ќосев, Горанчо Трајков, Крале Спанчевски и Ванчо Ќурчиев.

Амандманот од страна на министерот не бил прифатен на претходната седница.

Затоа, директно одиме на гласање.

Министерот Груевски бара збор.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

На минатата седница заменикот Петар Дејанов го нема прифатено овој амандман. Инаку, би сакал само да дообјаснам дека Владата со ова намалување на акцизите мислам дека врши доста сериозно намалување. Кај возилата до 2 иљади кубици, тоа е за цели 19,5 процентни поени, додека кај возилата со над 2 илјади кубици, тоа е намалување на давачките за 70 процентни поени и тоа е прилично големо намалување, со тоа што сакам да најавам во овие 19,5 процентни поени влегуваат и оние што ги планираме со намалувањето на царината кај автомобилите. Тоа е Предлог на закон, кој што е веќе испратен од Владата во Парламентот. Патем сакам да напоменам и тоа дека.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине министре, бидејќи претресот е завршен, значи заврши и правилото, да не создаваме проблеми со одредени пратеници.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во секој случај одбиен е амандмнаот.

**ОЛОМАН СУЛЕМЈАНИ:**

Во Секој случај значи претресот е завршен по амандманот и затоа предлагам да гласаме.

Господинот Илија Илоски, бара да се изјасни како ќе гласа по амандманот.

Повелете г-дине Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Благодарам. Господине потпретседателе, колеги пратеници, господо министри, сакам да го искористам моето деловничко право и да кажам како ќе гласам по овој амандман.

Мислам дека предлогот на Владата околу спуштањето на акцизите за автомобилите е добар, меѓутоа со овој амандман драстично се подобрува тој текст и дозволете да кажам од кој причини, и да ги замолам и другите колеги пратеници да дадат подршка на овој амандман. Ако се гледа кој го има потпишано амандманот, дека тоа е дел од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, дефинитивно еве се согласуваме во некои работи, и мислам лично и пратеничката група на СДСМ е убедена дека токму со овој амандман се прави подобрување на текстот и дозволете да кажам зошто е тоа така.

Треба да се направи јасна дистикнција помеѓу автомобилите до 2 илјади кубици и над 2 илјади кубици. По мое длабоко убедување ако се земат предвид сите економски движења и севкупната економска состојба во Република Македнија, треба да се направи јасна дистинкција што е потреба, а што е луксуз во овој сегмент на потрошувачката. Длабоко сум убеден дека со драстичното намалување на акцизите од 55 на 7 ипол посто кај луксузните автомобили, значи над 2 илјади кубици се преферира потрошувачка, која за наши услови и сегашна економска состојба на населението е луксуз. Фактички се даваат драстични олеснувања на оние кои имаат пари да купуваат, а на некој начин се изедначуваат со Предлог законот од страна на Вадата со оние кои апсолутно немаат ни леб да купат во оваа држава.

Од друга страна се прави дисторзија во сегментот на кредитно-монетарната политика и се преферира потрошувачка на автомобили која во базната цена е многу поскапа од оние до 2 илјади сантиметри кубни. Затоа, со овој амандман се прави дистинкција што е потреба што е луксуз и како таков навистина треба да се прифати, со тоа што би се зголемила потрошувачката на автомобили до 2 илјади сантиметри кубни, а од друга страна би се одвраќале субјектите да купуваат автомобили над 2 илјади сантиметри кубни.

Ако се сеќавате, јас сакам да укажам на тоа дека во општиот претрес по законот, говорев дека дури оваа стапка треба да биде повисока, меѓутоа, тука веќе нема амандмански простор да реагираме во оваа фаза и затоа би ги замолил сите пратеници да го подржат овој амандман.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на колегата Илија Илоски.

Амандманот го ставам на гласање.

Процедурално се јави Крале Спанчевски.

**КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ:**

Јас како еден од предлагачите на овој закон, еве, го повлекуваме овој амандман, со оглед на тоа дека веќе другите мерки кои ќе бидат преземани во делот на олеснување во износот на цените на моторните возила, го повлекувам овој амандман.

(Г-динот Оломан Сулејмани го замени претседателот на Собранието на Република Македонија, Стојан Андов).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали е и во името на другите предлагачи повлечен? (Да).

Благодарам. Господин Поповски, процедурално бара.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Овој амандман е предложен од 6 пратеници, меѓу кои и г-динот Ванчо Георгиев потпишан од пратеничката група на СДСМ. Пратеникот Крале Спанчевски нема право да го повлече и во негово име и таа злоупотреба сакам да ја имате предвид односно амандманот не е повлечен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали г-динот Георгиев е тука.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не е тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па не може на негово место, друг да одлучи.

За збор се јави Јованов Никола.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Пред малку имавме чудна ситуација кога министерот за финансии им диригира на пратениците како да гласаат по однос на нивниот амандман. Потоа слушнавме смешна ситуација, предложениот амандман се повлекува.

Треба сите да се изјаснат дали го повлекуваат амандманот. Во тој случај треба да гласаме за амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да гласаме. Гласале вкупно 73 пратеници.

"За" гласаа 35 пратеници. "Воздржано" гласаа 17 пратеник. "Против" гласаа 21 пратеник.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман на член 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, во новиот член 7-в, за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Ѓулистана Марковска.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, на почетокот ќе ставам дека се работи за техничка грешка. Предлагач на овој амандман не сум само јас, туку и господинот Михајло Ѓеоргиевски, што значи дека си го задржува правото како предлагач да се произнесе по истиот, доколку сака.

Овој амандман воопшто не е наивен. Амандманот е многу значаен. Тоа го оценија и други пратеници, во неформален разговор, од причина што во моментов Република Македонија на име автомобили кои се регистрирани во странство, не на лично име, туку на име на некое претпријатие, фигурираат околу 20.000 возила.

Можеби е пронајдена некоја дупка, би ја нарекла, во законот, со цел голем број на граѓани од Република Македонија да се упатат во странство, заради намалени цени на половни автомобили кои се постари од шест години и истите да ги внесат во Република Македонија. Сега, наместо нив да ги возат претпријатија, практично ги поседуват приватни, односно физички, не правни лица.

Со оглед на тоа што ваков закон, пред да стане појава во Република Македонија, да се возат голем број на возила со странски таблички, не беше во Република Македонија предложен од Владата, ниту пак граѓаните имаа можност претходно да се запознаат дека истите ќе бидат санкционирани, а во случајот со законското решение се санкционирани. Сега се наоѓаме со ситуација голем број на граѓани кои овие возила ги набавија, или треба да ги вратат повторно во странство и да ги продадат, за цена која е многу пониска од таа што ја дале, или пак истите да не ги возат и да ги чуваат во своите гаражи.

Бидејќи грото се постари возила од шест години, истите не можат, согласно нашата позитивна законска регулатива да бидат пререгистрирани на приватни лица, во Република Македонија направивме сериозен проблем каде, за жал, најзасегната категорија на граѓани ќе бидат оние посиромашните односно кои не можат да набават нови возила.

Сметам, доколку се направи ваков амандман, граѓаните во рок од 30 дена, доколку сакаат на истите да платат царина и данок, односно акциза и данок, ќе можат истите да ги пререгистрираат и ќе може да биде пополнета една значајна буџетска дупка и граѓаните нема да бидат оштетени, заради тоа што сепак стана појава, а нашата Влада и Министерството за финансии не реагираше соодветно.

Намерата на нас како предлагачи беше да бидат задоволени и едните и другите, односно и државата и оние кои поседуваат ваков автомобил. Затоа би сакала јас уште еднаш министерот за финансии да се произнесе дали натаму Владата планира, се разбира, не во овој закон, туку во Законот за надворешно трговско работење кој претставува предмет на увоз на вакви возила и регулација на овој проект, да ни каже дали Владата планира да направи ваков проект, со цел граѓаните да не бидат затечени, или јас и господинот Михајло Ѓеоргиевски како предлагачи ќе го повлечеме овој амандман или ќе го оставиме во процедура на гласање.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Да одговорам на прашањето на госпоѓата Марковска. Владата има намера, на следната седница на Владата, вчера за тоа разговарав со господинот Фетаи, тој ми го потврди тоа дека на следната седница на Владата има намера да предложи измена и дополнување на Законот за надворешно трговско работење, во кој ќе се предложи на парламентот зголемување на старосната граница на увоз на стари автомобили, од кои сегашните шест години, инаку претходно, пред две години беа три, па ги покачивме на шест, на осум или десет години, за што Владата дополнително ќе разговара.

Втор момент е што, во правец на олеснување на целата работа е, ние прелиминарно утврдивме дека увозот на стари автомобили ќе се царини со 15% царинска стапка и тоа е доставено до парламентарците. Меѓутоа, во меѓувреме извршивме меѓусебни консултации, со намера да го прифатиме амандманот кој веќе е поднесен, ми се чини, за изедначување на царинската стапка на сите возила на 10%. Да потсетам дека Европската унија и во Бугарија исто така, затоа што со Бугарија имаме проблем со увозот на автомобили од таму, царинската стапка на сите автомобили без разлика на кубикажа е 10%. Така што наша интенција е да се изедначиме и да овозможиме добри услови.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Јас се надевам дека ова е јавно ветување од министерот, дадено во својство не на предлагач на закон, меѓутоа, во име на Владата, бидејќи се работи за господинот Бесник Фетаи, навистина ќе се реализира, сметајќи дека на тој начин оваа голема група на граѓани, навистина ќе можат да ги задоволат своите потреби, го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3, поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани, незнам дали можам да речам почитувани, колеги пратеници, во еден Парламент, во кој пратеници за две минути, без аргументација, никаква аргументација, никакво образложение, на тајно гласање гласаат на еден начин, без аргументација за две минути гласаат инаку, се е можно, па и јас ќе се обидам од невозможното, бидејќи логички е, мојот амандман беше ист како на колегата Никола Јованов, логички е тогаш во Парламент кои логички работат да го повлечам.

Но, бидејќи во овој Парламент се е можно, тие пратеници, кажа и колегата Никола Јованов, еднаш се растргнати меѓу интересите на граѓаните на тајното гласање и меѓу интересите на министерот на јавното гласање. Кога гласавме јавно, се гласаше 42 и помина амандманот и граѓаните можеа да увезуваат коли без акцизи, а кога се гласаше јавно тие пратеници се во листингот и ќе си ја носат својата тежина, на својата совест и на своето работење како пратеници, тоа е нивни проблем.

Јас ќе продолжам со она што за што зедов збор и малку зборував за истиот амандман по амандманот на колегата Никола Јованов и кога претседателот

времето ми го измери на пет минути, бидејќи зедов збор како ќе гласам. Кажав дека согласно правниот режим, согласно правните прописи, правната логика, животната логика, автомобилите не треба да спаѓаат од акцизна роба, роба која е луксуз. Тоа го објаснував и тука почнувам и ќе завршам за тој дел од моето излагање. Почнав да објаснувам како дојдоа и како останаа автомобилите акцизна стока. Само ќе повторам накратко. Министерот за финансии сакајќи да оствари одредена резерва од воведување на Законот за додадена вредност, ги остави акцизите од автомобили како резерва за да се оствари суфицит во Буџетот и тој суфицит се оствари. Тогаш имаше дилема меѓу пратениците и членовите на Владата од Демократската алтернатива и се направи компромис во Владата меѓу тие две политички партии или две членки во Владата да се надокнадат импортерите со хомологацијата. Не е проблем хомологацијата, проблем е износот кој граѓаните го плаќаат во износ од 1.000 или 1.200 марки, се направи компромис. Оттука, се направи дебаланс на целокупното работење во Република Македонија. Во Република Македонија давачките секогаш биле 35 или 36%, 25% беше данок на промет и беше царина, во зависност од кубикажа 10 до 14%. Со оставање на акцизите се дигнаа давачките во Република Македонија. Во ниедна држава, која произведува, има многу фабрики на автомобили, каде што имаат заштитни царини, немало за обични до 2000 кубици царина од 70%, туку 67-70%. Која е таа политика Министерството за финансии и Владата што ја води? Во ред. Се направи таа грешка.

Понатаму сакам да зборувам за другиот проблем кој произлезе. Кога министерството, министерот и пратениците, видовме што се случи со тие давачки, Буџетот не се полни, граѓаните не може да купуваат, се увезуваат коли од другите држави, тогаш излезе реален проблем, Меѓународниот монетарен фонд. Она што ние си го направивме ММФ го зеде и го задржа како аргумент, недозволувајќи и по зборовите на министерот за финансии - вие добивате пари против сиромаштијата, вие не можете да купувате автомобили ни со 1000 кубици, ни со 800 кубици, ни до 2000 кубици, како целиот нормален свет. Такви програми со ММФ склучиле многу, и Хрватска и Бугарија. Сите тие го регулирале. Грешката се направи со воведување на овој закон. Овој Парламент и јас како пратеник, имавме големо разбирање за министерот за финансии. Кој министер за финансии овде не убедуваше дека сите аранжмани со ММФ можат да дојдат во прашање заради акцизите на автомобилите доколку ги укиниме. Тоа траеше пет месеци, шест, година, две. Министерот го убедуваше овој Парламент дека прашањето со акцизите ќе се реши. И точно, тој работеше на тој дел, дури беше ангажиран за едно вакво прашање и претседателот на државата, кој преку средствата за јавно информирање видовме дека директно за ова прашање зборувал со директорот на ММФ. Сега, ни се нуди едно решение кое ништо не го подобрува во однос на целокупниот проблем на кацизите. Акцизите остануваат на 7,5%, а не се укинуваат. Во тој дел аргументот на министерот е дека и покрај ваквото решение тој ги вложил неговите лични односи со ММФ. Основен аргумент пред ММФ, дека со ваквите акцизи во Буџетот на РМ влегуваат многу помалку пари. Во Република Македонија, во која реално може да се продаваат до десет илјади до дванаесет, 15 илјади коли сега се продаваат 7, 6, седум, осум илјади коли. Министерот го свати значењето на оваа мерка дека многу помалку пари влегуваат во Буџетот, доколку не се преземе нешто. Сега сметам, ова решение, кое го нуди министерот и едино образложение е покрај неговите лични вложени односи, неговите лични односи се лични односи, сега биле избалансирани приходната страна со 7,5% во новиот Буџет за 2002 година. Јас гарантирам. Доколку се прати овој амандман, она министерот што го калкулирал, незнам на колку коли увоз, со 7,5%, ако воведеме да нема акциза, сигурно ќе се исполни таа ставка во Буџетот и ќе ја надмине, во секој случај. Не е тој аргумент од министерот, бидејќи тие приходи се вкалкулирани, не е голема стапка. На 7000 коли, 6000 коли, 7,5%.

Што е најважното и во ова прашање што треба ние треба да направиме, во склоп што би сакал да кажам. Што е реална давачка за граѓаните на Република Македонија. Колку граѓаните на Република Македонија врз основа на својата економска положба, врз основа на своите заштеди, би требало да дадат, за да увезат еден автомобил до 2000 кубици. Дали бил нов, дали бил стар.

Господа пратеници, секаде е ред, би требало да биде она што една држава е аспирант за влегување во Европската унија и сите оние држави кои се нејзини колеги, кои и тие сакаат да влезат. Секаде во нашето опкружување, секаде во оние држави од Југоисточна Европа, од Источна Европа, давачките се движат од 20-30%.

Така е во Хрватска, така е во Бугарија. Сакам да укажам. Реални давачки во Република Македонија се ДДВ - 19% и царината од 14%, односно сега 10% и некаде да се давачките 30%, 29-30%. Министерот за финансии наместо да извади долгорочна стратегија и ова прашање да го симнеме, да го изедначиме со сите, што е реално и секаде остварливо, да не имаме увезување, граѓаните да ги малтретираме да носат од Бугарија, тој предлага некои позитивни решенија за кои ќе разговараме потоа. Министерот за финансии вели дека ќе ги намалиме царините 10%. Во печатот Царинската управа вели царините ќе ги сведиме на нула посто. Јас сакам министереот за финансии, сега, на овој Парламент, бидејќи законот помина од Влада, да каже што е преземено и што ќе преземе врз основа на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, во која вели: царинските давачки на увозот во Република Македонија за производите кои потекнуваат од заедницата наведена во Анекс 2, ќе бидат прогресивно намалувани и укинати во согласност со временскиот распоред наведен во Анексот. Министерот на овој Парламент мора да му даде со времето утврдено во Анексот 2 како ќе оди динамички, да ги укине царините за коли од Европската унија.

Истот така, се нудат некои решенија, ќе дозволиме 10% половни коли, ги залажуваме граѓаните. Ние зборуваме за акцизи. Тие решенија ќе ги расправаме кога ќе дојде пред овој Парламент. И тие решенија да се усвојат пред овој Парламент и Владата, господа пратеници, ви тврдам дека граѓаните на Република Македонија, да можат да увезуваат и половни коли до 10 години, тие пак ќе ги носат од Бугарија ако не ги измениме законите, бидејќи, со овие измени во Република Македонија давачките ќе се 40%. Во Бугарија се 19%, 20%, што значи дека тоа е 100% поголеми давачки. Кај нас, плус е делот на оценување на пазарот од Германија на набавните фактори кои не ги признава царината. Сигурно граѓаните и половни коли нема да увезуваат како што со во другите држави. Сигурно ќе се дупло поскапи отколку во Бугарија, што не го надминуваме ни тој проблем.

Затоа, сметам дека уште проблемот за половните коли за кој министерот го најави овде проблемот е на хомологација. Би сакал уште еднаш да истакнам. Не е проблематична самата хомологација. Проблематично е надоместокот кој се дава за хомологација. Секој граѓанин, дали ќе увезе нова кола или половна, треба да даде 1000 до 1200 марки кај импортерите. Тоа е плус, плус 40% давачки, тоа една половна кола доаѓа 50% давачки. Затоа сметам, без никакви последици на ММФ од аспект на исполнување на Буџетот, од аспект бидејќи влегуваме во укинување на акцизите со 7,5%, треба да го решиме овој проблем и да се укинат акцизите и да си водим9 политика. ДДВ ни е утврден на 19%, можеме во обврската земена од Спогодбата за стабилизација и асоцијација царините динамично да ги намалуваме, или да ги оставиме и да ги сведеме на давачките после 10 години нормано да дојдат на 19%.

Благодарам и на пратениците би им инсистирал да се прифати овој амандман, да гласаат како што гласаа кога ги застапуваа интересите на граѓаните, како првиот пат по амандманот на Никола Јованов. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Пандов Александар.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Благодарам претседателе. Јас повеќе процедурално би реагирал, односно би реплицирал и на господинот Гештаковски, пред тоа мислам дека господинот Никола Јовановски зборуваше за истата проблематика, односно како тоа нашите пратеници гласаат.

Би сакал да потсетам, и едниот и другиот, поготово господинот Гештаковски пред два месеци, нивниот лидер излезе на оваа говорница и рече.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:** (продолжение)

Рече дека од овие уставни промени и овие амандмани ниту точка ниту запирка не смее да биде променета. Истата таа парламентарна група после два месеци успеаа пратениците на ВМРО-ДПМНЕ со своите говори да ги разуверат и два амандмани да сменат и не само нив туку и нивниот лидер кој што јавно декларираше на оваа говорница дека ќе смени. Сега не гледам тука што е толку спорно ако за некој амандман министерот даде објаснување дека ќе има измени во рок од една недела, дека Владата ќе донесе нов Предлог на закон во кој што ќе има поголеми бенефиции и олеснувања во увозот на автомобили да некој наш пратеник го повлече тој амандман и го смени своето мислење. Повторно ќе ви кажам за многу побитни работи вие исто така сте менувале мислења. Јас тоа го разбирам како позитивно од Ваша страна и таа пракса мислам дека воопшто не е за критика и тука било кој да кажува како треба, кој и што да гласа. Благодрам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Филип петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Г. претседателе, во врска со амандманот на Г. Гештаковски морам да кажам дека амандманот го гледам, го читам во најдобро можно светло и немам ништо против да се поднесе еден ваков амандман. Немам ништо против Г. Гештаковски да побара поддршка за овој амандман, да побара да гласаме и да го подржиме и да го изгласаме овој амандман. Меѓутоа, морам да се обратам до Парламентот и да изнесам некои бројки и едноставно пред Парламентот и македонската јавност да се обидам да одговорам на популизмот кој што го има Г. Гештаковски, бидејќи нас не ни треба во овој момент популизам пред Македонските гласачи. Знаеме дека со возилата и бројките како што ги гледам јас и како што ќе ги соопштам сега мислам дека ја подобруваат претходната ситуација. Никој од нас не вели дека некоја наредна ситуација неможе да биде подобра или дека неможе некои бројки да бидат подобри. Меѓутоа за да не се замаглуваат работите пред оние што се најзаинтересирани за овој закон, ќе ги кажам само бројките и ќе кажам зошто за мене е неприфатлив овој амандман, во моментов нормално.

До 2000 кубици акцизите на возилата одат од 25% на 7,5%, над 2000 кубици од 55% ма 7,5%, што е прилично видлива разлика. Царината оди до 2000 кубика од 13% на 10%, над 2000 кубика од 23% на 10% и плус треба да се спомене дека од 1.1.2001 година 1% царинската евиденција исто така се укинува. За стари возила како што слушаме ќе се оди од 6 на 8 или 10 години и царината за стари возила ќе оди од 18% и 27% , значи 18% за возила до 2000 кубика и 27% за возила над 2000 кубика на 10%. Ако се погледаат овие проценти, мислам дека во овој момент апсолутно е потребно да ги имаме овие бројки не заради нас, мнозинство, позиција, ВМРО или СДСМ. Овие бројки му се потребни на Македонскиот граѓанин кој сака да вози поевтини возила. Нормално дека во една насока на постојано подобрување на нештата треба да се оди во таа насока. Значи, не исклучувам дека може повторно да го измениме и дополниме овој закон кој ќе биде усвоен. Меѓутоа, она што се создаде во Македонската јавност, што се понудија новите бројки што како тренд се повторува и сега, веднаш се појавија незадоволници и луѓе кои коментираат дека не е доволно толку, па за малку можеме да се доведеме во состојба министерот да го повлече овој закон, па да остане претходната состојба.

Прашувам дали нам ни одговара да остане претходната состојба која е лоша или ни одговара да одиме чекор по чекор, затоа што оваа нова состојба секако дека ќе предизвика позитивни или негативни ефекти, според мое длабоко уверување позитивни ефекти затоа што и понатаму ќе може да се надоградуваат, едноставно нешто да измениме. Вака одиме во состојба во која ќе ги закочиме работите и незнам до каде ќе стигнеме.

Затоа мислам дека амандманот треба да се отфрли, да се утврди со закон оваа состојба што се нуди и мислам дека ќе даде позитивни ефекти пред македонскиот човек кој сака да вози поевтини возила.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Не се работи за никаков маркетинг, се работи за едно важно прашање и потполно се согласувам со Филип Петровски во фактите. И јас кажав дека досега беше 67%, со овие решенија се предлага 40% и сега е долгорочно граѓаните на РМ да даваат реални давачки и нема злоупотреби во опкружувањето. И понатаму давачките од 40% кои се предлагаат сигурно се подобрување, нема аргументи кои го бранат останувањето на 7,5% акциза со ММФ. Треба да ги симнеме акцизите бидејќи тоа не е луксуз. Патничкото возило во РМ многу граѓани го сакаат за обавување дејност, стопанска, лична, во овој период да создаваат за живот. Тоа е едниот аргумент.

Вториот аргумент е што во сите други држави од опкружувањето имаме помали реални давачки и граѓаните ги тераме на непотребни потези и малтретирања, Буџетот го осиромашуваме. Сметам дека ова е момент да се укинат акцизите, затоа тоа го предлагам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Овде беше спомната една теза, сега да го донесеме тој закон, за да не се доведеме во состојба на повлекување на законот од страна на предлагачот на законот, а во име на предлагачот, секако министерот.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, не е проблем да се измени еден закон. Проблем е кога се нудат тие измени на таквиот закон. Сосема е јасно дека во овој момент, носејќи ги овие измени во Парламентот, чувствувам дека задоцнето се реагира на предлог на задоцнетиот предлог временски на Владата. Имено, станува збор за следното. Во време

кога се нудеше во Парламентот закон од група пратеници, по кој што закон се понудија решенија слични, дури многу блиски на овие што се нудат сега и тогаш им се забележуваше на предлагачите на закон дека се раководат од потребата маркетиншки да настапиме пред јавноста или популистички да изгледаме пред истата јавност. Тогаш тоа беше на 19 април, еве ги сите стенogравски белешки од тогаш, понудивме решенија што значеа доработка на даночната свера, нејзино прецизирање и усогласување нејзино со европското даночно законодавство. Тогаш заради тоа што се сметаше дека популистички или маркетиншки настапуваме, ни се одби таквиот предлог од Парламентот, за да сега после година ипол да се согледа таквата грешка од страна на Владата од сите оние последици кои ги носи така направената грешка. Последиците се огромни. Ако се направи еден есап и се квантифицираат негативните ефекти од неприфаќање на тогашниот и така предложен закон, јас сум сигурен дека ќе се дојде до еден вредносен износ на средсва кои од прилика се смета да се обезбедат на донаторската конференција која би се организирала за РМ во декември.

Затоа, имам потреба да се искажам дека не секогаш предлозите кои се нудат од СДСМ да ги сваќате како маркетинг или популизам. Тие се нудат како предлози кои се добро аналитички согледани и кои се пропратени со една добра анализа и кои што се од интерес на билансите на оваа држава. И токму заради тоа во оваа ситуација мислам дека е пожелно да се појави тој позитивен дух кон соработка внатре во Парламентот и овој амандман да се прифати во целост. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Слободан Даневски. Ве молам Г. Даневски почекајте, Г. Карангелески има процедурална забелешка.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Г. претседателе, сакав да ве прашам, потпретседателот на Собранието пред да дојдете вие да го наставите водењето на седницата кажа дека е завршена јавната расправа по амандманите. Сега се враќаме повторно на јавна расправа. Ве молам да ја објасните процедурата како понатаму ќе работиме, дали по ова вие што го изведувате или по тоа што го објасни потпретседателот на Собранието. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, по амандманите кои ги имавме беше заклучен претресот но во меѓувреме биле поднесени овие два амандмани. Па треба и по нив да помине претресот за да можеме да преминеме на гласање законот.

Молам, дали некој друг бара збор?

Има Г. Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Г. претседателе, дами и г-да пратеници, амандманот поднесен од Г. Александар Гештаковски боде во очи и како провокација на она што го рече Г. Бузлевски колкави се штетите. Би ве потсетил дека ЛП 1995 год, предложи таков закон, па би било добро како добар економист Г. Бузлевски да пресмета од 1995 год, до денес колкави се штетите, затоа што и тогаш беше популистичка целата таа идеја кога се донесуваа такви закони за ослободување на увозот на колите. Тоа е гледано низ историјата. Во овој момент она што тежи на дел од граѓаните е тоа што има увезено околу 20 илијади возила од Бугарија и од било која држава и луѓето незнаат што да прават. Мислам дека Парламентот треба да размислува и даде одговор и решение, дали преку Владата или Парламентот затоа што 20 илјади автомобили се увезени, луѓето треба да ги носат од земјите каде што ги купиле, да ги враќаат 10 дена а три месеци да ги возат. Што ќе правиме со тие луѓе? Ако е направена грешка, а е направена грешка, можеби она што не е добро е тоа што дел од нив се пишуваат благонадежни Бугари, а тоа не е добро. Затоа, да размисли Владата дали на овие луѓе што инвестирале, одлеани се околу 60-тина милиони германски марки, да се најде некое решение со кое дали државата ќе најде за потребно да каже да платат по број на кубици или паушално по 1000-2000 германски марки, да им се легализираат патничките автомобили на луѓето, затоа што луѓето сега се ставени во пат позиција, незнаат што да прават. Тоа не е еден или два автомобили, тука се повеќе од 20 илјади автомобили. Мислам дека тоа е сериозен проблем, иако ова вака доаѓа како популистичка мерка да се намали акцизата. Упатувам прашање до министерот Груевски да размисли сериозно дали да ја намали границата или да ја зголеми границата за увоз на стари возила од шест на 10 години или да се направи некое оптимално решение, да се легализираат возилата што се наоѓаат во РМ, со што се подобрени годините на возниот парк во РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Димитар Бузлевски, реплика.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Не е реплика, одговор е. Иако пратеник нема право да одговара, но со оглед на тоа што го почитувам Г. Даневски, сега ќе си земам за право да одговорам на

прашањето што ми го постави. Г. Даневски, ако ги погледнете сега оптоварувањата по двата основи, тие и со овој предлог се повисоки во однос на оние кои важеа 1995 година. Или ако јас добро се сеќавам, предлогот што го дава Г. Гештаковски е токму на висината на која се задржуваат давачките од времето во кое што важеше тогаш, за кое вие зборувате. Аргумент за тоа дека е така и аргумент кој што дополнително ќе ви значи кога во РМ се увезува 20 илјади автомобили од соседна Бугарија под Бугарска табличка, дали во периодот 1993 - 1998 или во периодот 1998 или би рекол поточно 2000-та година до денес. Надвор секој може да забележи каква е состојбата со увезените патнички моторни возила, а сигурно дека имало причина зошто тогаш не се увезувале во таков обем, а зошто сега се увезуваат во ваков обем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Г. Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Јас би дал куси коментари. Незнам од кои причини, меѓутоа, имам впечаток дека зад тврдото опстојување на министерот и на Владата во врска со некои решенија предложени како да се реши прашањето околу акцизата, ми дава за право да кажам дека се потврдуваат некои сомневања и на широко присутни гласини во Македонската јавност дека зад сета оваа работа, а особено околу овој проблем што колегата Даневски го кажа за бугарските возила, над 20 илјади внесени возила, дека стојат некои други причини за кои јавноста почнува да зборува и гласно.

Втората работа која мислам дека е присутна кај министерот и ме зачудува кај колегите, каде што очигледно логиката се изгубила на тврдото опстојување на неговото мислење дека акцизата ќе мора и понатаму да постои, иако знае дека веќе година дена имаме предлози од наши колеги и од други колеги дека таа акциза едноставно треба да исчезне од законската регулатива. Неможам друго да помислам, туку дека сега се работи за една навредена суета на министерот, едноставно овој проект кој што цело време на некој начин се турка од пратеничката група на СДСМ никако да не помине, признава дека треба да помине, но треба да се спушти сега само на 7,5%.

Јас ќе дадам уште неколку аргументи кои укажуваат на тоа дека нашите граѓани особено со странски возила кои верувам дека треба да се видат и да се види регулативата околу старостa на возилата, нивната царина и тн. да им се помогне бидејќи станува голем проблем. Сега веќе тоа е масовна појава и тие едноставно бараат решение како да го надминат тој проблем. Во толку повеќе ме зачудува што во процедуралната расправа исто така се вртеше еден амандман на колегата Чедо Кралевски, каде што тој предлага лежарината од 10 дена да се зголеми на 20 дена, а тоа значи дополнителни трошоци на оние луѓе кои на некој начин овие возила веќе ги имаат внесено. Имам впечаток и неможам да се отргнам од тоа дека тука се работи за некој дебел бизнис, кој што е договорен со некои кругови во соседна Бугарија или во соседна Србија или во соседна Албанија со владеачката партија, таа ли е во прашање или друго. Тоа се некои сомневања кои немора да бидат точни, меѓутоа, ваквото тврдо опстојување на оневозможување на легализација на тие возила и слично зборува за тоа дека се има некои други намери.

Од тој аспект мислам дека е невозможно ваквото однесување на колегите во врска со една работа, која што оди во прилог, пред се, на граѓаните и нивните интереси. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе, колеги пратеници, дозволете, ако може малку да помогнам во расправата, за на крај Парламентот да одлучи како ќе гласа за овој амандман, за поддршка или не. Мислам дека овде во Парламентот не се разбираме ние пратениците во поглед на основниот пристап од кои причини овој закон Владата ни го нуди овде пред овој Парламент. Затоа, секогаш кога дискутирам по вакви закони, го гледам образложението кое го дава предлагачот до нас пратениците, за да може на некој начин да не убеди без расправа да ги усвоиме овие закони. Децидно стои во образложението како причина за донесување на овој закон дека била цитирам: "целокупните состојби во државата, како и материјалната состојба на населението, има исклучително негативен одраз на прометот на возила, а сето тоа предизвикува намалување на приходите во Буџетот по основ на акцизи, царина и данок на додадена вредност. За надминување на овие состојби, се вели понатаму г, во образложението, се предлага намалување и воведување на единствена стапка на акциза од 7,5% без оглед на работната зафатнина на моторот. Што значи тоа? Основна причина која го навела министерот за финансии да го поднесе овој закон во Парламентот била смалените буџетски приходи во овој тарифен број и целта за да се постигне за намалување на даночните стапки, на акцизните стапки преку зголемен обем на увоз на автомобили и зголемен обем на продажба да се зголемат

буџетските приходи. Што е за, на некој начин, поздравување како активност на секој министер за финансии, бидејќи тој е чувар на државната благајна и главните интенции му се собирање на буџетски приходи.

Меѓутоа, како и за многу вакви клучни законски проекти кои битно се одразуваат врз државната благајна, така и со овој закон се прави по предлогот да се донесе набрзина во скратена постапка. Гледано, од кога е почната расправата што ја понесе самиот закон во Парламентот воопшто неговото донесување на личи на скратена постапка. Мислам дека основен проблем овде е што овој закон не е поминат низ матичната комисија, каде што како помошно работно тело ние би се усогласиле и на некој начин би го подржале овој законски текст. Меѓутоа, иако се пристапи кон ваков предлог за скратена процедура за донесување на овој закон, министерот во образложението требаше да го направи следното. Требаше да ни покаже една емпириска анализа, ако од толку и толку се спушти акцизата на класата на автомобили до 2000 кубици, приходите би се зголемиле за толку и толку. Тој, сега, повторно не става во ситуација да немаме никави емпириски показатели, едноставно тој прогнозира, бидејќи досега не одеше продажбата со овие цариснки и даночни стапки, сега ако ги ставиме на 7,5 пак така ќе тргнеле да одат нагоре и ќе се зголеми Буџетот по таа основа во Република Македонија. Затоа и во цело време во општиот претрес по законот баравме, министерот овде да излезе со егзактни податоци, дали е изработена некоја матрица, кои парамети влезни внатре се ставени, за да добиеме ваков резултат или напамет е кажано дека ќе се зголемат приходите ако вака се направи. Ако така пристапуваме, сега одговорно тврдам, ако се изгласа овој амандман, а основната цел е зголемени приходи во Буџетот, приходите ќе бидат уште поголеми. За жал, јас не го држам до крај ставот вака да остане, бидејќи дискутирав по оној клучен амандман што беше да се направи јасна динстикција до зафатнината на моторот до 2000 и над 2000 кубици и да се разграничи луксузот од потребата, меѓутоа, за жал тоа не се усвои, па затоа инсистирам овој амандман сега да се прифати. Бидејќи сметам дека министерот за финансии, додека зборува по телефон и ништо не не слуша во оваа сала, апсолутно не го интересира дали ќе се зголемат приходите или нема да се зголемат. Ако тој вака ни кажува со две реченици, ако била 7,5 стапката зголемена, истото тоа право и јас од ракав да стресам податок можам, ќе се зголеми за 3,5. Затоа, пред пратениците требаше поиздржана, поегзактна, поемпириска анализа да се направи овде пред нас да ни се достави и ако ја погледаме како чиста математика, ние ќе бевме убедени дали ќе биде така или нема да биде така. Овде, доаѓа, навистина, на чисто економско прашање повторно да спротивставуваме политички ставови од разни политички провиненции. Затоа, никогаш неможеме да се разбереме за оваа работа. Меѓутоа, јас имам направено анализа, а бидејќи не сум министер за финансии, не би сакал да ја елаборирам овде пред Парламентот, одговорно тврдам ако и оваа стапка од 7,5% оди надолу, приходите во Буџетот ќе се зголемат. Меѓутоа, бидејќи и овде се нема конзистентен пристап како едно круцијално економски прашање што го решаваме денес, воопшто не се води сметка за другиот сегмент од неговата сфера, т.е. за кредитно-монетарната политика. Сметам, со ваквите стапки што се понудени ќе се направи дисторзија во кредитно-монетарната сфера и ќе се намалат девизните резеви бидејќи се преферира одлив на девизни средства за луксуз, за автомобили над 2000 кубни сантиметри. Тоа велам да зголемиме, бидејќи пет дена зборувам, а овде никој не ме слуша. Дајте да направиме динкстинција помеѓу луксузот и потребата. Утре кога ќе се јавиме од оваа страна велите еве јас правам маркетинг и ќе одам утре на избори. Не ми е гајле, ќе одиме на избори.

Затоа, и од домашните, а поготово од странските експерти од кого ни зависи судбината економска на оваа држава од Светската банка и од ММФ и натаму во економската сфера ние ќе бидеме оценувани како држава која води цврста монетарна политика, а која води политика на релаксирани јавни расходи. Тие две политики секогаш треба да бидат конзистентни, а овде се наоѓаат во една дискрепанца непосакувана од никого во Република Македонија.

Затоа, бидејќи министерот нема таква емпириска анализа, а ние имаме таква емпириска анализа, предлагам овој амандман сега да помине, а од друга страна да ги убеди неговите пратеници односно неговата политичка партија, да го повлечат амандманот за зголемување на застареноста на години на возилото од многу причини, а ако има потреба и за тоа ќе елаборираме зошто кога ќе дојде на дневен ред, бидејќи тоа ќе направи дополнителни дисторзии во Буџетот и ќе му ги намали приходите. Ако не знае, може да не свика на комисија и да му кажеме од кои причини тоа се прави. Затоа, не треба толку ригиден став министерот да има по ова прашање. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници и членови на Владата, јас мислам дека амандманот на господинот Александар Гештаковски не е неопходен и не е нужен да се дебатира и да се усвои во Собранието на Република Македонија, затоа што тој предвидува стапката на акцизите од 7,5 да се намали на 0. Претходно имаше еден амандман од господинот Ванчо Ѓеоргиев, со оглед дека другите се повлекоа од тој амандман за стапката на акцизите да остане кај возилата над 2000 кубни сантиметри 7,5, а за другите да биде 0. Со оглед дека министерот и мнозинството во Парламентот го одбија тој амандман, за да се направи дикстинкција на луксузните и на нелуксузните возила, во тој случај апсолутно сметам дека во овој контекст сега, амандманот на господинот Гештаковски е неопходен и сега веќе се појавува на површината со сета своја сериозност.

Она што би сакал да го соопштам, а и другите го соопштија во овој Парламент, тоа е следното, дека со целиот пакет на намалување на акцизи, на царини и на се што сега најавува господинот Груевски, во Република Македонија, всушност, ќе добиеме оптоварување на автомобилите за неколку процентни поени нагоре или надоле од оптоварувањето или зафаќањата што ги имаа автомобилите пред господинот Груевски да стане министер. Така што, се сложувам со господинот Бузлевски дека вкупната оваа односно вкупниот овој итен пакет за намалување или тој што ќе следи, само ќе значи дека после една ипол до две години ќе се вратиме на состојбата од оптоварувањето, кое господинот Груевски го намали и тие неколку процентни поени мислам дека не се никаква битна нагоре или надолу функција. Меѓутоа, она што мислам дека е крупно нешто што се случува сега е дека на автомобилите над 2000 кубика во однос и на претходната затекната состојба, а особено на состојбата после април 2000 година, намалувањето на пооптоварувањето на автомобилите е драстично. Тоа значи дека главниот удар, всушност, се состои кон олеснување на прометот со високо луксузни автомобили во Република Македонија. Ги компарирам состојбите денес ноември 2001 со април 2000-та година кога всушност беше нанесен удар врз пазарот со автомобили.

Би сакал да го констатирам и следново, сметам дека тоа во овој момент е повеќе, откако Владата веќе ни ги предложи ваквите закони и во континуиран период наназад ни ги предлагаше, мислам дека станува предмет на интерес на самиот Парламент. Имено, пазарот на коли во Македонија во последниве две години станува исклучително нестабилен пазар, оптоварен со исклучително големо ценовно влијание врз пазарот со коли, кое воопшто не се должи на трндови на производители, на конкуренција на пазарот, на светското влијание и тн, туку се должи исклучиво удар врз основа на влијанието на државата врз пазарот на коли. Една мала ретроспектива да направиме, ќе видиме дека врз основа на ударот од 19% покачување на вкупната цена во април 2000 година настанаа две движења.

Прво, пазарот во текот на февруари-март експлодира, за да се предухитри покачувањето, за веднаш после април 2000 тој пазар да се стиши и практично продажбата на автомобили, под удар на огромното поскапување драстично да се намали. За третиот удар во рок од една година да се нанесе со увозот, овде слушаме сите процени, меѓутоа јас не ги знам точно, некој кажал податок, но ниеден пратеник не спомна цифра помала од 15.000 увезени возила во Македонија со странски таблички, што значи дека тоа е третиот удар. Кога се супституира тоа ценовно движење на автомобилите нагоре или надоле под влијание на државата со рационално однесување на потрошувачите кои бараат начин тоа да се изигра и сега ова е уште еден дополнителен удар, кој оди во другата насока.

За да работата биде таква каква што е, министерот во денешното излагање најави, дека освен законот за акцизи, кој сега е на дневен ред, тој подготвува и закон за царинските стапки на возилата кој дополнително ќе ни биде доставен во Парламентот. Тоа значи дека, вклучувајќи го овој закон повторно имаме ова што се случува сега со продажбата, која практично се запира, дури и на оние на кои им е неопходна да набават возило, затоа што секој размислува рационално. Ако се намалува акцизата за 20-тина процентни поени, односно за 50-тина кај луксузните возила, тогаш секој ќе почека и ќе ја одложи својата потреба, додека Парламентот не го донесе законот. Сега, и со намалувањето на царината од неколку процентни поени, кое не е големо, меѓутоа, која е прва во системот на кумулативна наплата на даноците, царините, па акцизата, данокот за додадена вредност, таа повторно ќе стигне 7-8%. На возило од два-триесет илјади марки, тоа е повторно од 2000 марки од прилика, што значи дека сега имаме повторно најава на уште еден ценовен удар и мислам дека всушност се доведуваме во позиција во последниве две години да имаме исклучително една нестабилна државна политика во однос на продажбата на коли во Репубика Македонија која се одразува така што имаме експлозија на

побарувачка, па после страшно намалување со огромни еластичности во побарувачката врз основа на државното влијание.

Намалувањето на акцизите сега е добредојдено, откако грешките со зголемувањето се направија. Меѓутоа мислам дека сега во сенка на едното намалување на акцизите се прави уште една друга грешка, која Парламентот ќе процени како ќе ја прифати. Очигледно, во Владата веќе ја предложи, што лично мене, да кажам, не ми се допаѓа. Не ми се допаѓа заради фактот што Министерството инсистира даночните оптоварувања на возилата до 2000 и над 2000 кубика, кои очигледно постоеја во нашиот даночен систем, сега ги изедначува само на 2-3 процентни поени кои ќе произлегуваат од разлчната царина на возилата до 2000 кубика и над 2000 кубика. Сега, замислете ситуација во која возило од 1100 кубика ќе ги има истите давачки кон државата, како возило од 3000 кубика. Мислам дека тука министерот, на кој му е најважно да со пратениците во овој момент еден час, сметам дека министерот би требало повеќе сметка да води кон државата во услови на огромно социјално раслојување на населението во Република Македонија, треба да биде соодветно аплициран даночен систем. Ако имаме социјална хармонизација на условите на живеење во Република Македонија, изедначувањето на стапките на давачките кон автомобилите, би било логично да се изедначуваат. Меѓутоа, ако има толку големо социјално раслојување, а соединување на стапките на оптоварување на категориите на коли кои ги купуваат различни социјални слоеви на граѓаните, тоа значи дека ние денеска всушност носиме одлука на предлог на Владата на товар на оние кои имаат помалку пари во џебот. Не на апсолутен товар, но во секој случај на релативен товар. Мислам дека луѓето кои се бават со оваа проблематика ме разбираат што зборувам, на релативна штета на посиромашните слоеви од населението. А, од друга страна во апсолутна корист на побогатите и веројатно на интересентите, интересовните бизнис групи кои се бават со увозот на таков вид на возила. Оптоварувањето на возила од 3, 4 и нагоре илјади кубици и 800, 900, 1300 кубици со исти стапки од страна на Парламентот и Владата, мислам дека е апсолутно нелогично.

Сега, би сакал да коментирам во врска со ова некои политики на Владата во врска со нејзината економска политика. Господинот министер секојдневно троши пари од државниот буџет за да снима спотови и да ги емитува на сите елктронски, пишани, троши огромни средства за тие спотови да ги емитува на телевизија и да ги убедува граѓаните дека во Република Македонија не би требало да биде случај, прави инверзни спотови кои треба да влијаат на јавното мислење во корист на Буџетот, не би требало да имаме ситуација во која родителите бизнисмени возат возила кои чинат по 100 или 200 илјади марки и ги носат своите деца во училишта кои немаат кров над главата и сака да аплицира ситуација во која не уверува дека богатите луѓе во Република Македонија не плаќаат даноци и затоа училиштата каде што одат децата се без кров над главата и имаме лоша политика на јавната потрошувачка. Се сложувам дека политиката што ја води Владата, всушност наместо да имплицира што може да се случи, ни претставува тоа што се случува во Република Македонија. Со ваквата даночна политика на возилата, наместо да ни се предава на телевизија спот, фикција, ќе се случи реалноста. Родителите кои имаат пари да купуваат возила од 150 илјади марки, ќе плаќаат исти даночни стапки со оние кои имаат пари да купат возила од 10 илјади марки. И, нивните деца ќе имаат такви кровови над главата, зашто овие даноците не само што ќе избегнуваат да ги плаќаат, туку затоа што сега Министерството за финансии и Владата на Република Македонија предлага тие што ги имаат тие возила, да не ги плаќаат даноците. Ве уверувам дека продуктот на оваа политика ќе биде нешто друго. Во Македонија, одамна луѓето со такви коли не ги користат ниту училиштата, ниту здравствените услуги на јавниот сектор, туку се лечат во приватниот сектор или ќе студираат во приватни училишта или странски универзитети. Меѓутоа, колите ако ги оданочуваме, тие што се возат по спотовите кои коштаат по 100 или 200 илјади марки, со ваква даночна политика која минситерот ја предлага, а има исто даночно оптоварување на сите видови на возила, всушност ќе не доведе во таа ситуација.

Затоа, му предлагам на предлагачот да создаде ситуација во која амандманот поднесен од група пратеници, претходно ќе го достави како свој амандман и да побара пауза, во која пауза некој пратеник повторно ќе го врати амандманот за оптоварување од 0% акцизи односно да нема акцизи до 2000 кубици и 7,5% на акцизите односно на автомобилите со акциза односно со зафатнина над 2000 кубни сантиметри.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Со цел овој амандман, кој всушност ако се прифати ќе стане безпредметен и нема потреба да го гласаме. Доколку ВМРО-ДПМНЕ, зборувам и како предлагач и како гласач, во овој сучај стои, гласачи членовите на пратеничката група на

ВМРО-ДПМНЕ, стојат цврсто, тогаш ние ќе го гласаме овој амандман дека овој амандман во ваква позиција ќе биде подобар отколку постојното решение. Меѓутоа, доколку се прифати претходниот амандман, овој амандман верувам дека ќе биде, барем за мене лично зборувам, не во име на предлагачот, безпредметен затоа што главната цел ќе се постигне. Од тие причини сметам дека треба да се направи еден поинаков пристап, во актуелниот момент во Парламентот, во однос на предлагањето на амандманите и тоа да се случи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не се јавува за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. - Молам да гласаме.

Гласаа вкупно 71 пратеник, за гласале 39, воздржани 4 и против гласале 28 пратеници.

Господинот Никола Поповски бара поединечно гласање.

Има поддршка од 10 пратеници.

Го молам секретарот да излезе и да изврши прозивка за поединечно гласање.

(По извршеното поединечно гласање констатирам дека немаме доволен број пратеници во салата. Имено присутни во салата во моментот на поединечното гласање имало 58 пратеници.)

Молам уште еднаш да се изврши прозивка за поединечно гласање.

Го молам секретарот да излезе и да изврши прозивка за поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ ЧУКАЛИЕВА:**

1. ЈОНУЗ АБДУЛАИ - против
2. АБДУРАХМАН АЛИТИ - за
3. АБДУЛА АЛИУ - за
4. МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ - отсутен
5. СТОЈАН АНДОВ - воздржан
6. КИРИЛ АНДОНОВСКИ - воздржан
7. МАГДАЛЕНА АНТОВСКА ВЕЛЕВСКА - за
8. ЉУПЧО АНУШЕВ - отсутен
9. АМДИ БАЈРАМ - отсутен
10. ДЕМУШ БАЈРАМИ - против
11. ФАДИЛ БАЈРАМИ - отсутен
12. ДИМИТАР БАТКОСКИ - против
13. МЕРСЕЛ БИЉАЛИ - за
14. ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА - отсутна
15. ЈОРДАН БОШКОВ - отсутен
16. ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ - за
17. АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ - отсутен
18. СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ - против
19. ВАСИЛ ГАЏОВСКИ - против
20. МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ - воздржан
21. ТРАЈКО ГЕШОСКИ - воздржан
22. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - за
23. ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ - против
24. ПЕТАР ГОШЕВ - отсутен
25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ - отсутен
26. ЗАМИР ДИКА - против
27. ВАНЧО ГОРЃИЕВ - отсутен
28. ИЛИЈА ЃОРГИЕВ - отсутен
29. ФАТМИР ЕТЕМИ - воздржан
30. ВАСИЛ ЕФТИМОВ - против
31. НАСЕР ЗИБЕРИ - за
32. ЉУБИСАВ ИВАНОВ – ЅИНГО - отсутен
33. МИРКО ИВАНОВ - за
34. ИЛИЈА ИЛОСКИ - за
35. ДЕЛЧЕ ИЦКОВ - за
36. НИКОЛА ЈОВАНОВ - против
37. ВЕСНА ЈОВАНОВСКА - отсутна
38. МАРИКА ЈОРДАНОВА - против
39. НАЗМИ КАДРИУ - за
40. РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ - за
41. ЖАРКО КАРАЏОСКИ - против
42. МИТКО КИРОВ - воздржан
43. ЛАЗАР КИТАНОСКИ - за
44. САВО КЛИМОВСКИ - за
45. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ - за
46. ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ - против
47. ИЛИЈА ЛАЗАРОВ - отсутен
48. ГОРАНЧО ЛАЗОВ - отсутен
49. БИЛАЛ ЉУТФИИ - отсутен
50. ЈАНИ МАКРАДУЛИ - за
51. ВАСЕ МАНЧЕВ - воздржан
52. НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ ДИМОВА – отсутна
53. ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА - воздржана
54. ДИСПИНА МАРКОВСКА - против
55. ЗВОНКО МИРЧЕСКИ - отсутен
56. ДРАГАН МИТЕВСКИ - отсутен
57. КИРИЛ НАСТЕСКИ - за
58. РУБЕНС НАУМОВСКИ - против
59. ГОРАН НЕВЕНОВСКИ - отсутен
60. ЛАТИФ ПАЈКОСКИ - за
61. АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ - против
62. ВАНЧО ПАНЧЕВ - отсутен
63. ИЛИЈА ПЕМОВ - против
64. ТИТО ПЕТКОВСКИ - за
65. ЧЕДО ПЕТРОВ - отсутен

66. ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ - воздржан
67. ФИЛИП ПЕТРОВСКИ - против
68. АЗИС ПОЛОЖАНИ - за
69. СТОЈАН ПОПОВ - за
70. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - за
71. НИКОЛА ПОПОВСКИ - за
72. ИЛИЈА ПРАНГОСКИ - отсутен
73. ИСМЕТ РАМАДАНИ - за
74. ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ - воздржан
75. НЕНАД РИСТОВСКИ - отсутен
76. АЦЕ САЈКОВСКИ - против
77. АСЛАН СЕЛМАНИ - за
78. БОРЧЕ СИБИНОВСКИ - против
79. ВАНГЕЛ СИМЕВ - отсутен
80. РИСТО СПАНАКОВ - за
81.КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ - воздржан
82. ЃОРЃИ СПАСОВ - отсутен
83. МИЛАН СТАВРЕВ - против
84. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - за
85. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - против
86. ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ - отсутен
87. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ - отсутен
88. ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ - отсутен
89. ВЛАДО СУГАРЕВСКИ - отсутен
90. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - за
91. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ - отсутен
92. МУХАМЕД ТАИРИ - за
93. АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ - воздржан
94. МЕВЉАН ТАХИРИ - отсутен
95. МИТКО ТИЛЕВСКИ - против
96. ЃОРЃИ ТОДОРОВ - отсутен
97. РИСТО ТОДОРОВ - за
98. ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ - воздржан
99. ПАНДЕ ТОМОВ - отсутен
100. КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ - воздржан
101.ГОРАНЧО ТРАЈКОВ - воздржан
102. ТАНАС ТРАЈКОВСКИ - за
103. АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ - отсутен
104. БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ - отсутен
105. СЛОБОДАН ЌОСЕВ - воздржан
106. ТАКИ ФИТИ - отсутен
107. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - воздржан
108. ИЛЈАЗ ХАЛИМИ - воздржан
109. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - за
110. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - за
111. КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА - отсутен
112. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ - отсутен
113. МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ - отсутен
114. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ - отсутен
115. АРБЕН ЏАФЕРИ - отсутен
116. ШАХИЌ АЛИЈА - отсутен
117. РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА - отсутна

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега го заклучуваме гласањето.

Да ги видиме резултатите од гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:** (продолжение)

Вкупно гласале 73 пратеници, од кои за 33 пратеници, против 22, и воздржани 18.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?(никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 80 пратеници, за гласале 78 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници, против не гласал ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите.

Продолжуваме со работа по Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Амандманот на член 1 став 5 поднесен од пратеникот Таки Фити го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 31 пратеник, воздржано гласале 7 пратеници и против гласале 25 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 74 пратеници, за гласале 51 пратеник, воздржано гласале 23 пратеници, против не гласал ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој (ИБРД) по

Договорот за заем за Проектот за подобрување на водоснабдувањето, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој (ИБРД) по Договорот за заем за Проектот за подобрување на водоснабдувањето.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 45 пратеници, воздржано гласале 4 пратеници, против гласалд 15 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усојвуа предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, за гласале 47 пратеници, воздржано гласале 2 пратеници, против гласале 16 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Ве молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Малку само една секунда за да можеме да притиснеме, нели.

Господине претседателе и господин министер, почитувани пратеници, јас би сакал да го соопштам ставот на пратеничката група на СДСМ, во врска со Предлогот на закон, и дозволете во оваа прилика да го кажам мислењето и по Законот за задолжување ИБРД и по Законот за задолжување кај ИДА, со оглед дека се работи за истата кредитна линија.

Пратеничката група на СДСМ изразува резерва кон овој закон, и сметаме дека причините заради кој тој се донесува се недоволно образложени, односно од описот на Проектот кој е доставен повеќе мотиви имаме овој закон да не биде донесен одколку тој закон да биде донесен. Само да потсетиме, со овие два закона или со овој закон се предвидува во јавните дејности и во надлежност на Градот Скопје, а пред се за јавните дејности во врска со водоснабдувањето и канализацијата, како и во делумно јавната дејност за собирање на цврст отпад, да се изврши задолжување на Република Македонија, средствата ги користат овие две јавни претпријатија со цел да за нивниот развој.

Меѓутоа, Светската банка преку ИБРД и преку ИДА, на оној кој го склучил договорот му понудила услови кои се за нас недоволно прифатливи, или бар се додека не го видиме договорот кој е потпишан а овде не е доставен, се недоволно разбирливи причините, само да потенцираме дека договорот кој треба да се исполни за да се овозможи влегување на овие средства во јавните претпријатија подразбира дека јавното претпријатие Водовод и канализација, иначе едно од клучните јавни претпријатија во Градот Скопје кое извршува еден многу витален јавен интерес на граѓаните на Град Скопје, се предвидува да создаде услови за влегување на приватен сектор во сферата на водоводот и канализацијата и тоа приватен сектор кој ќе земе под закуп дел од јавното претпријатие преку формирање на оперативна компанија, која ќе биде во 51 % сопственост на приватен стопанственик, веројатно странец. Таа компанија ќе има цел да изврши неколку функции, како што е одржување на дистрибутивна мрежа, наплата на водениот надоместок и поправки на дистрибутивната и канализационата мрежа. Дозволете да го кажеме нашиот став и мислење дека најмалку две од овие три функции треба да се предадат во договор за закуп на приватна странска компанија во Градот Скопје, се функции кои треба да бидат исклучително-иманентно јавни функции на Градот Скопје, и кои треба да служат повеќе на интересот на граѓаните со водење на јавна политика од страна на оние кои биле избрани во Градот Скопје, отколку да се продаваат под услови на приватни фирми кои работат на профитна основа. Особено намените во врска со одржувањето на дистрибутивната мрежа на водоводот и канализацијата во Скопје и поправката на дистрибутивната и канализационата мрежа, ние имаме недоверба во врска со тоа каков договор и какви обврски можат да спроведуваат приватни компании во Градот Скопје, за да вршат одржување на дистрибутивна мрежа, поправки на дистрибутивна мрежа, поправки на канализационата мрежа и наплата на водениот надоместок. Со оглед на тоа дека водоснабдувањето, дистрибуцијата на вода и наплатата на вода е од висок јавен интерес на Градот Скопје,

сметаме дека вакви експерименти во сферата на водоснабдувањето на Градот Скопје се уште не е добро да се воведат, затоа што од една страна на приватен оператер, овде така е именуван, приватна оперативна компанија се даваат надлежностите во варска со одржување и наплата на водениот надомест, средствата ги инвестира Јавното претпријатие за водовод и канализација кое и натаму останува со овој закон оној кој треба да ги враќа средствата, се разбира со гаранција на Буџетот на Република Македонија. Тоа може да го доведе и Јавното претпријатие водовод и канализација во ситуација која ќе го отежни водоснабдвањето на граѓаните и на стопанството на Град Скопје со вода до таа мера што нема да биде возможно овој витален интерес на граѓаните да се практикува на друг начин, освен преку профитниот интерес на приватниот оператер. Тоа може да предизвика последици по граѓаните на Град Скопје во врска со интересот кој со закон и на избори граѓаните на Скопје го предале на јавните претпријатија без да бидат свесни дека после може тој интерес да биде префрлен преку формирање на приватна оперативна компанија во некоклку витални делови кон странци.

Исто така, сакаме да укажеме на фактот дека досегашното искуство на оваа Влада која приватизираше или ги продаде на странци објектите од витално значење за Република Македонија, особено објекти од јавниот сектор или дел од јавниот сектор кој го приватизираше, првиот удар врз граѓаните беше дека услугите од тој јавен сектор се влошени, а цените од таа дејност која се приватизира со странски компании се зголемени.

Со цел да избегнеме влошување на условите, а зголемување на цените кон граѓаните на Град Скопје, ние не сме во можност да дадеме поддршна на ваквиот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Само неколку дополнувања на она што го истакна г. Поповски како координатор на пратеничката група. Јас се согласвуам дека приватниот сектор треба да доминира во Република Македонија и тоа е нормално. Меѓутоа, сакам да потсетам на неколку елементи за кои мораме да водиме сметка. Според сите прогнози кои се прават за стратегијата на идниот развој воопшто на човештвото водата ќе биде едно од најголемите богатства, притоа мислам на водата за пиење и ресурсите од водата ќе се намалуваат.

Овој кредит што се дава со услов, а ќе го поврзам со условите кои се предлагаат, да се изврши приватизацијата на водоводот и тоа во делот што значи одржување и наплата. Тоа е практично експлоатација на постојната мрежа во која вложувале граѓаните на Република Македонија, во случајот жителите на Скопје и негледам во што е тука инвестицијата. Ако е инвестиција во некои дополнителни работи, во подобра организација на наплатата или пак во подобро одржување на водоводната линија, мислам дека тоа може да го направи и Градот Скопје и со некои сопствени помали или поголеми напори и за тоа не треба приватизација. Јас разбирам да станува збор за инвестиции поврзани со приватизација, инвеститорот го задобил тој кој ќе го превземе водоводот да инвестира во нови извори на вода, побогати извори на вода, поквалитетни извори на вода да ги уреди и врз основа на тоа да врши експлоатација, одржување и наплата. Овде не гледам дека станува збор за инвестиции од аспект на водата како посебно богатство. Мислам дека ние поминуваме многу лесно и во овој мандат, особено како пратеници и како Влада, не разликувајќи дека сите добра немаат еднаква вредност, иако се многу од добратана пазарот, секаде во светот се води сметка за она што е ресурс кој е во мал обем и за неговиот квалитет и за него државата секогаш води сметка. Да ве потсетам дека многу држави попрво ќе инвестираат во наоѓалишта на нафта во други држави отколку да ја експлотираат својата нафта или пак ќе инвестираат во нови наоѓалишта на квалитетна вода. Затоа, не гледам никаква логика, од аспект на интересите на Македонската држава, особено и од аспект на итнересот на граѓаните во што се состои оваа инвестиција - во организација на наплата. Затоа не гледам дека странец треба да ни каже како да се наплатува водата. Можеме самите да го подобриме тој однос. Или пак одржувањето, ве молам, не е ова атомска централа, за одржувањето ќе треба некои дополнителни инвестиции, нека си земе таа ако треба кредит.

И трето, што е најбитно, реков дека тоа е светска вредност, тоа значи на Македонија, и не гледам никаква логика да се приватизира водовод. Ќе потенцирам, парите не се за да се истражува за нови извори на вода, за поквалитетна вода, поголем проток на вода. Инвеститорот само гледа за наплата и за одржување на

мрежата.

Ги повикувам и другите пратеници од другите пратенички групи да не го прифатат овој аранжман. Сакам да кажам да не си ја чукаме главате откако ќе се случи оваа работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 59 пратеници и гласањето не важи.

Чекајте, уште еднаш ќе гласаме. (Во салата влегуваат повеќе пратеници)

Ве молам да гласаме. (По гласањето).

Вкупно гласале 65 пратеници од кои 41 за, воздржано 2, и против 22 пратеници.

Господинот Никола Поповски се јавува.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Барам поединечно гласање затоа што во овој момент навистина се сомневам дека ова гласање не е одраз на реалноста и присутноста и барам поддршка од 10 пратеници, затоа што има гласање со туѓи картички.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој го поддржува овој прадлог?

(Повеќе пратеници креваат рака). - Има поддршка од 10 пратеници.

Молам нека се спроведе поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

1. ЈОНУЗ АБДУЛАИ - за
2. АБДУРАХМАН АЛИТИ - отсутен
3. АБДУЛА АЛИУ - за
4. МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ - отсутен
5. СТОЈАН АНДОВ - против
6. КИРИЛ АНДОНОВСКИ - за
7. МАГДАЛЕНА АНТОВСКА ВЕЛЕВСКА - против
8. ЉУПЧО АНУШЕВ - отсутен
9. АМДИ БАЈРАМ - за
10. ДЕМУШ БАЈРАМИ - за
11. ФАДИЛ БАЈРАМИ - отсутен
12. ДИМИТАР БАТКОСКИ - воздржан
13. МЕРСЕЛ БИЉАЛИ - отсутен
14. ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА - отсутна
15. ЈОРДАН БОШКОВ - отсутен
16. ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ - против
17. АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ - отсутен
18. СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ - за
19. ВАСИЛ ГАЏОВСКИ - отсутен
20. МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ - за
21. ТРАЈКО ГЕШОСКИ - за
22. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - против
23. ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ - за
24. ПЕТАР ГОШЕВ - отсутен
25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ - за
26. ЗАМИР ДИКА - отсутен
27. ВАНЧО ГОРЃИЕВ - отсутен
28. ИЛИЈА ЃОРГИЕВ - отсутен
29. ФАТМИР ЕТЕМИ - отсутен
30. ВАСИЛ ЕФТИМОВ - за
31. НАСЕР ЗИБЕРИ - отсутен
32. ЉУБИСАВ ИВАНОВ – ЅИНГО - отсутен
33. МИРКО ИВАНОВ - против
34. ИЛИЈА ИЛОСКИ - против
35. ДЕЛЧЕ ИЦКОВ - за
36. НИКОЛА ЈОВАНОВ - против
37. ВЕСНА ЈОВАНОВСКА - отсутна
38. МАРИКА ЈОРДАНОВА - за
39. НАЗМИ КАДРИУ - отсутен
40. РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ - отсутен
41. ЖАРКО КАРАЏОСКИ - за
42. МИТКО КИРОВ - за
43. ЛАЗАР КИТАНОСКИ - против
44. САВО КЛИМОВСКИ - отсутен
45. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ - против
46. ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ - за
47. ИЛИЈА ЛАЗАРОВ - отсутен
48. ГОРАНЧО ЛАЗОВ - отсутен
49. БИЛАЛ ЉУТФИИ - отсутен
50. ЈАНИ МАКРАДУЛИ - против
51. ВАСЕ МАНЧЕВ - за
52. НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ – ДИМОВА - отсутна
53. ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА - против
54. ДИСПИНА МАРКОВСКА - за
55. ЗВОНКО МИРЧЕСКИ - отсутен
56. ДРАГАН МИТЕВСКИ - отсутен
57. КИРИЛ НАСТЕСКИ - против
58. РУБЕНС НАУМОВСКИ - за
59. ГОРАН НЕВЕНОВСКИ - отсутен
60. ЛАТИФ ПАЈКОСКИ - воздржан

61. АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ - за
62. ВАНЧО ПАНЧЕВ - отсутен
63. ИЛИЈА ПЕМОВ - за
64. ТИТО ПЕТКОВСКИ - против
65. ЧЕДО ПЕТРОВ - за
66.ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ - за
67. ФИЛИП ПЕТРОВСКИ - за
68. АЗИС ПОЛОЖАНИ - отсутен
69. СТОЈАН ПОПОВ - отсутен
70. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - против
71. НИКОЛА ПОПОВСКИ - против
72. ИЛИЈА ПРАНГОСКИ - за
73. ИСМЕТ РАМАДАНИ - отсутен
74. ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ - за
75. НЕНАД РИСТОВСКИ - отсутен
76. АЦЕ САЈКОВСКИ - за
77. АСЛАН СЕЛМАНИ - за
78. БОРЧЕ СИБИНОВСКИ - за
79. ВАНГЕЛ СИМЕВ - отсутен
80.РИСТО СПАНАКОВ - за
81. КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ - воздржан
82. ЃОРЃИ СПАСОВ - отсутен
83. МИЛАН СТАВРЕВ - воздржан
84. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - против
85. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - за
86. ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ - за
87. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ - отсутен
88. ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ - отсутен
89. ВЛАДО СУГАРЕВСКИ - отсутен
90. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - воздржан
91. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ - отсутен
92. МУХАМЕД ТАИРИ - отсутен
93. АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ - за
94. МЕВЉАН ТАХИРИ - отсутен
95.МИТКО ТИЛЕВСКИ - за
96. ЃОРЃИ ТОДОРОВ - отсутен
97. РИСТО ТОДОРОВ - против
98. ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ - за
99. ПАНДЕ ТОМОВ - отсутен
100. КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ - за
101.ГОРАНЧО ТРАЈКОВ - за
102. ТАНАС ТРАЈКОВСКИ - против
103. АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ - за
104. БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ - отсутен
105. СЛОБОДАН ЌОСЕВ - за
106. ТАКИ ФИТИ - отсутен
107. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - за
108. ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ - за
109.БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - отсутен
110. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - отсутен
111. КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА - отсутен
112. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ - отсутен
113. МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ - отсутен
114. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ - отсутен
115. АРБЕН ЏАФЕРИ - отсутен
116. ШАХИЌ АЛИЈА - отсутен
117. РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА - отсутна

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 41 пртеник, против гласале 18 пратеници, воздржано гласале 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија кај Меѓународната банка за обнова и развој по Договорот за заем на проектот за подобрување на водоснабдувањето.

Преминуваме на 5-та точка - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит за проектот за подобрување на водоснабдувашето, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на законот, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој по Договорот за кредит за проектот за подобрување на водоснабдувањето.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 46 пртеници, воздржано не гласал никој, против гласале 15 пратеници.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 69 пратеници, за гласале 50 пратеници, воздржано гласал 1 пратеник, против гласале 18 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? - Господин Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, колеги пратеници, овој закон е дел од истиот проект

ние сме против донесувањето на ваквиот закон и однапред сакаме да кажаме дека последиците од овој закон за Парламентот се прилично нејасни за донесување на овој закон, а последиците од реализацијата на законот мислам дека се во полето на неизвесност како тоа ќе се одрази врз водоснабдувањето на градот Скопје, и затоа ние и за овој закон нема да гласаме. Затоа што од самиот начин на кој е склучен договорот, недоставувањето на договорот, намените за кој се трошат средствата, мислам дека станува јасно дека овој закон за разлика од други закони како Законот за акцизи на колите кои после една ипол година предизвика проблем и го вративме назад, кога ќе предизвика проблем, мислам дека ќе биде касно за враќање назад.

Меѓутоа, дозволете јас дел од пратениците на Собранието на Република Македонија кои се присутни во оваа сала и кој многу лесно гласаа за да им поставам едно прашање на што секако имам право или јас јавно да се запрашам. "Дали пратениците од Струмица се спремни да ја приватизираат наплатата на водостопанското претпријатие за снабдување со вода за пиење во градот Струмица и тоа така што ќе ја доделат на странски оператор". На пример овде гледам пратениците од Струмица, пратениците од Прилеп, пратениците од Битола и други пратеници многу лесно гласаат за Скопје. Еве јас ги прашувам. Дали они би гласале со оглед на пример во Струмица има градоначалник и Совет од ВМРО-ДПМНЕ и имаат Влада од ВМРО-ДПМНЕ. Ако е толку ефикасен овој систем наплатата за да се подобри,за да ја дадат на странска компанија во 51% сопственост на странско лице во договор со Светска банка, зошто тој механизам, наместо да гласааат за Скопје, не го применат прво на Струмица, па после да предложат и во другите градови од каде што доаѓаат а мислам дека е најлесно за Градот Скопје да се изгласа ваков закон, а последиците од тоа да не се почуствуваат. А до скопските пратеници особено апелирам малце подобро да размислат особено на оние пратеници кои во моментот не ме слушаат, зашто си разговараат за други закони, кои така лесно го даваат гласот за, а во деловите од градот Скопје, како што е Шуто Оризари, наплатата и дистрибуцијата на вода е сведена практично на социјална издршка од страна на Градот Скопје. Приватниот дистрибутер нема да трпи социјализација на трошоците во Шуто Оризари, а сега граѓаните на Скопје свесно сите ние меѓу кои и јас правиме социјализација на водопотрошувачката во Шуто Оризари, само за да не овозможиме луѓето на Шуто Оризари во XXI-иот век да живеат како да живеат во II-от век пред нашата ера во Скупи. Мислам дека ваквиот систем на имплементација ќе овозможи приватниот дистрибутер да не размислува како мнозинството граѓани на Скопје, кој на свој трошок ги издржуваат тие таму. Мислам тие доводи на вода. И уште еднаш би ги повикал пратениците зашто има работи кои можат да се вратат, кои можат да се згрешат и работи кои враќањето после грешката е тешко, со оглед дека овде ниту Министерството за финансии, ниту Владата на Република Македонија, ама не наоѓаат засходно еден збор да кажат, да ги променат мислењата на таквите како мене, дека овој проект е добар. Министерот за финансии секоја втора минута излегува, се враќа, излегува се враќа. Сите амаднмани сите закони ги игнорира. Се потпира само на 51 пратеник кој му ги носат овде законите. Не се обидува да ни објасни зошто е тоа потребно, зошто ја задолжуваме Македонија за 30-тина милиони долари, зошто тие ќе се инвестираат во водоснабдување и чистење на град Скопје, зошто функциите ќе се пренесат на приватни оператери, зошто они ќе работат така како што работат, која е одговорноста после тоа на јавните градски власти во врска со водоснабдување, какви социјални последици можат да се јават. Па ние имаме овде проблеми од социјален тип кој се од различен вид и сега после неколку перманентни акции на приватизација или најави од оваа Влада за приватизација на делови како што се да речеме Електростопанство,Телекомуникации, снабдувањето со нафта ова е врзано исто така. Да речеме Владата не уверуваше дека снабдувањето со нафта кога ќе ја приватизира ОКТА на странска компанија, ќе се подобри. Од тогаш знаеме само едно. Дека секој месец заради некој проблеми во договорите ние немаме бензин на пумпите, на некого му се забранува цена да отиде нагоре. Цената на струјата ќе се случи истото и сега ве молам, Градот Скопје, заради влијанието на некои претходни закони на кој никој од нас неможел да влијае, како што се законите на господинот Анте Марковиќ во сверата на приватизацијата сега има приватни гробишта. Јавното претпријатие кое беше за погребални услуги или како се вика Бутел во Скопје е приватизирано. И сега ако во градот Скопје не е јавен интерес на градот, ако почине граѓанин на Градот Скопје, градот а не приватно претпријатие да овозможи услови за негово погребување туку тоа го предава заради консеквенции од минати закони од Анте Марковиќ, после тоа ја препушти топлинската енергија на градот исто во акционерско друштво со дозвола да се доприватизира, а сега што се случува. Наместо за топлификацијата на град Скопје, да води сметка градот Скопје и неговите

органи, заштo тоа е нешто што се случува само за градот Скопје, топлинската енергија на Топлификација, сега за тоа сметка води Владата на Република Македонија. Она одобрува цени, па она со нив преговара и тн. и тн. Наместо тие надлежности да се предаваат на градот Скопје. Сега се оди со уште еден многу витален интерес. Водоснабдувањето на градот Скопје со за мене крајно ризичен и крајно нејасен концепт. Можеби на министерот му е јасно што ни предлага. Меѓутоа од оваа страничка што ни ја предложил за овие 30 милиони долари, јас како граѓанин, кредит за да створиме услови на некој други дејности од водоснабдувањето или од водовот и канализацијата да експериментираме, јас немам доверба. Кога се работи за вака витален интерес мојот политички резон и инстинг ми укажува на следново: Дека ако немам полно и целосно оправдување за тоа што треба да се случи подобро да не го направиме, отколку да влеземе во неизвесност. Јас знам дека и сега неизвесноста со градот Скопје од аспект на водоснабдување е голема. Меѓутоа, оваа ми делува како поголема неизвесност. И отворено ги прашувам сите пратеници кои доаѓаат од другите градови освен од Скопје, што сега на некој начин ја кројат судбината на граѓаните на град Скопје. Ако е ова успешен метод зашто не го применат во своите градови да го дадат гласот за цела Македонија тоа да се случува на тој начин. Мислам дека не е фер на ваков начин да се третира Собранието со еден лист образложение,со 30 милиони и со најава дека приватни оператери ќе ја наплаќаат водата и ќе ја поправаат дистрибутивната мрежа, па после ние да се прашуваме со кого имаме проблем, ако, на пример, во Аеродром каде што живеат 50.000 жители, една или од двете или три колку се главни доводни цевки за водовод, ноќта што често се случува, киксне. И, тогаш ние како граѓани на град Скопје, зборувам овој пат или како пратеник кој живее во град Скпоје, ќе треба да имаме за тој јавен наш интерес да се снабдуваме со вода за сите потреби, однос со некој приватен оператер на кој под закуп му е дадено одржувањето на, според ова образложение овде, одржувањето на дистрибутивната мрежа на закуп од десет години. Јас претпоставувам дека обврските на тој дистрибутер кон мене како граѓанин, дека ќе бидат такви какви што тој ќе определи. Јас сакам тие обврски кон мене да ги има градот Скопје со своето јавно претпријатие "Водовод и канализација", и да можам на идните избори да одлучувам ако тие услуги се добри или не, затоа што од нив многу зависи. Сите вие што живеете во градови кои имале проблеми со вода, како што се Прилеп и Куманово, господине потпретседателе од каде што и вие доаѓате, знаете што значи 24 часови да не ви се достави вода во домот, особено во високоурабанизирани зони како што има Скопје, каде што едноставно животот запира.

Затоа јас ве молам и покрај добрите намери, ако ништо друго барем да слушнеме сериозно образложение, зошто ова се прави. Можеби јас да сум сомничав кон ваквите проекти. Затоа, се додека не се добие сериозно образложение, се додека не го видиме проектот, договорот што е потпишан за тоа што треба да се случи после одобрувањето на кредитот со Светската банка, ние не сме во ситуација да гласаме за ваков закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам. Збор има министерот за финансии.

Дали се јавувате или не?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува пратеникот Жарко Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, со оглед на тоа што со дискусијата на г-динот Поповски бевме повикани неколку пратеници од градовите, меѓу другите и Прилеп, јас би сакал нешто на кратко да му одговорам на г-динот Поповски, така како што јас ги сваќам работите.

Г-дине Поповски, јас би бил среќен, иако по ваше мислење овој проект е лош, да го има Прилеп. Ако веќе водите сметка и кажувате дека не не ентересира што ќе се случува кој ќе ја наплаќа водата во Скопје, да ви кажам право воопшто не ми е ни грижа со оглед на тоа што во Прилеп нема кој ни да наплаќа, затоа што воопшто и нема вода. Значи нема што да се наплаќа. Затоа би бил радосен, кога би видел еден ваков проект кој би го решил проблемот со водата.

Од друга страна го зедовте примерот со Струмица каде што ја поистоветивте централната со локалната власт и како причина за вашата констатација, за она што го дискутиравте. Еве, во Прилеп е обратен случај, и локалната власт и градоначалникот е од ваша партија, па еве нека го решат проблемот со водата. Инаку само за една споредба додека беше ВМРО-ДПМНЕ на власт на локално ниво, градот Прилеп имаше вода. Што се причините, незнам. Затоа пак ќе кажам, еве вие со вашата интервенција помогнете му на вашиот градоначалник, изборете се за некакви средства, нека бидат и вакви и лоши,

како што ги критикувате, нека дојдат во Прилеп, јас радо ќе го гласам тоа, и тогаш и сега, да го решиме проблемот со водоснабдувањето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јавува г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине Караџовски, токму вашата дискусија која ја примам добронамерно само ми потврдува колку за сите граѓани во Република Македонија, во местото каде што живеат, проблемите со водоснабдувањето се тешки. Еве, и самото ваше излагање укажува колку е тоа проблематично, ако на некој начин се случи во Прилеп.

Тоа што сакам да го потенцирам е следново:

На сите нас ни е јасно под какви услови Светската банка дава кредити. Меѓутоа, што *ќе* се случи ако јавното претпријатие Водовод и канализација, со оптоварувањето што го добива со овој кредит, во некоја проектирана година од амортизациониот план, биде во неможност да го врати кредитот на Светска банка. Тогаш некој друг министер *ќе* го блокира јавното водостопанско претпријатие Скопје, ЈП Водовод и канализација за да ги наплати своите средства од тоа претпријатие, да не го доведе во прашање наплаќањето на Буџетот, за што е обврзан по овој Закон да го направи. Тогаш Јавното претпријатие Скопје, со блокирана сметка, со неможност да го врати кредитот, никој од добавувачите нема да води сметка за него. Ќе се доведе во прашање неговото функционирање, неможе да набави резервни делови и т.н. Од тој аспект, ако е се како што треба има потенцијал на Јавното претпријатие е добар, зошто баш Светска банка, зошто баш поволни кредити, зошто баш државна гаранција. Ако таа работа е толку добра и сите од светот сакаат да инвестираат, повелете инвестирајте без државна гаранција, па ако пропадне, нека си пропадне на ризик на кредиторот. Овде пропаѓањето ќе биде на товар на Град Скопје, затоа што имаме државна гаранција која ќе биде наплатлива од Водостопанство односно од ЈП Водовод и канализација. После тоа, овде ќе носиме нови закони, да ги пребиваме, да го менуваме Законот, на Буџет да падне и т.н. Затоа сметам дека за тие такви сфери, треба малку поголема сигурност за сите нас.

Јас сум сигурен дека во сферата на инвестирањето на овие средства, кога ќе почне, ќе имаме поволности. Тоа се првите години од реализација на проектот. Меѓутоа во годните кога средствата ќе треба да се враќаат, а тие можат да се враќаат само од наплатата, имаме приватна фирма која ги наплаќа, со закуп, со ексклузивно право тоа да го остварува. Кога ќе почнат пријави по судови, исклучување на вода, недоставување вода на корисниците, супстандардни населби во Скопје и околу Скопје, колку сакате, диви градби, приклучени, не приклучени. Ние сме свесни дека тој проблем треба да се решава, меѓутоа со сопствени сили. На ваков начин решавање ќе значи дека и таа карта на некакво опстојување во Скопје ќе се предаде во неизвесност. Од тој агол ние односно јас лично би сакал да има поголема сигурност и извесност што ќе се случува. Да не зборуваме за вработените во Водовод кои сигурно ќе трпат последици, сигурно, затоа што ако ги следите јавните настапи на функционерите на Градот Скопје, тие се разликуваат, од 0 до 1000, кои ќе бидат под удар на приватниот оператор на кој *ќе* му требаат или нема да му требаат тие вработени. Од тој аспект мислам дека би требало да имаме по сериозно образложение и да видиме дали тоа е потребно на ваков начин. Инаку навистина сме во сферата да не смееме понатаму да ризикуваме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално збор бара г-динот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Господине потпретседателе по однос на времето за кое се договоривме, да кажам дека имаме уште 12 минути, а и пратениците од две политички партии не се тука, па ве молам сега да е ослободите односно да прекинеме со работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Дика еве имаме само уште една реплика, да завршиме со тоа па ќе прекинеме.

**ЗАМИР ДИКА:**

Добро.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува господинот Жарко Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Господине Поповски, за ваше информирање, сите овие работи што ги искажавте и со Водостопанство и со јавно претпријатие и т.н. а се минорни работи, во однос на тоа кога нема вода. Јас најодговорно ви кажувам дека граѓаните кај нас се решени, со било какви кредити да се реши проблемот со водата, затоа што по 24

часа немаме вода.

За ваше информирање, вакви проекти за кои кажувате дека се лоши, од КАЕ банка од Светска банка. прилеп работи на нив. Градоначалникот е од ваша партија. Тој лично се бори да ги добиеме овие кредити. Еве јас би ви предложил, заедно да се ангажираме да му помогнеме на човекот, да добиеме макар и вакви лоши кредити. Нека ги наплати и приватна фирма, само да го решиме проблемот.

Инаку за ваша информација Јавното комунално претпријатие веќе има обврска кон Студенчица, па ние и ден денес немаме вода.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАОВСКИ:**

Благодарам. Со оглед на интервенцијата на колегата Дика, ја прекинувам седницата и продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,10 часот).